ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# Известување

Со цел унифицирање на работењето како и давање на правилни насоки на осигурениците за добивање на соодветни услуги, Ве потсетуваме дека во договор со матичните лекари направено е проширување на услугите опфатени со ЛУ1 образецот. Проширувањето има за цел зајакнување на примарната здравствена заштита и рано откривање и дијагностицирање на болестите. **Бихемиските анализи со кои е направено проширувањето на ЛУ1 упатот се следните: Глукоза толеранс тест (OGTT), Гликолизиран хемоглобин (HbA1C) и Тиреостимулирачки хормон (TSH).**

Во таа насока, избраните лекари од дејноста општа медицина можат со образецот ЛУ1 да ги упатуваат само осигурениците кои се веќе дијагностицирани со хипотироидоза за контролно испитување на **Тиреостимулирачки хормон (TSH) во сите лаборатории** со кои Фондот има склучено договор за лабораториски услуги. Ова испитување е неопходно за следење на состојбата на болеста и издавање на потребна терапија за хипотироидоза.

За орален глукоза толеранс тест **(OGTT),** осигурениците можат да се упатат **во сите лаборатории** со кои Фондот има склучено договор за лабораториски услуги.

За лабораториското испитувањето **Гликолизиран хемоглобин (HbA1C) кај осигурениците со дијагностициран дијабетес мелитус,** избраните лекари можат да ги упатуваат во следните ПЗУ лаборатории: ПЗУ Павлина (Скопје), ПЗУ Адриалаб (Скопје, Тетово, Битола), ПЗУ Авицена (Скопје), ПЗУ Ружа Биолаб (Берово), ПЗУ Сонце (Охрид), ПЗУ ординација по општа медицина Меркур со биохемиски лаборатории ЛАОР с.Селце (Тетово) и ПЗУ Поликлиника Медика (Струмица), како и во **јавните здравствени установи – здравствени домови** кои ги вршат лабораториските услуги содржани во образецот ЛУ1 пакетот. Истите се истакнати на веб страната на Фондот.

Фонд за здравствено осигурување на Македонија